*Учество на Македонија на изложбите во 1999 г*

# Проблемот е в не во можнос

## Министерството за култура изминатата година немаше разбир

СУНЧИЦА УНЕВСКА

Утрински весник 12.01.2000

Во Тирана во тек е Интернационалната изложба "Онуфри ж99" (отворена 18 декември) на која, во избор од 60 учесници од дваесетина земји во Европа, од нашата земја учествува ликовниот уметник Искра Димитрова.

Оваа изложба е традиционална во Албанија, но годинава првпат се вклучени и современите видови на творештво, како инсталации, видео арт и друго. Изложбата поради големиот број на учесници се одржува и во Националната галерија во Тирана и во поранешниот мавзолеј на Енвер Хоџа, познатата Пирамида, како што се нарекува, а која сè повеќе прераснува во културен центар. Во Пирамидата, како што ни кажа Искра Димитрова, се изложени главно делата поврзани со технологија, каде се разбира, спаѓа и нејзината видео инсталација. Името на ова дело е #Suspense#, а замислата ("црна кутија" - се мисли на просторија - во која основниот акцент е на силиконска кожа поставена под стаклена површина, доловено со визуелни и звучни ефекти) "едно лично чувство за односот човек индивидуа".

Сега, кога тукушто измина 1999-та година и на самиот почеток на 2000 и кога се во тек три меѓународни изложби во Европа каде што учествуваат претставници од Македонија по покана од организаторите и, се разбира, покривање на трошоците од нивна страна, тоа ни дава причина да проговориме за минатогодишните ликовни презентации во светот, особено за оние во кои (не) партиципираше државата, кои навистина беа малку, и за она што таквата состојба неизбежно го налага. Значи, втора изложба што моментно се одржува е изложбата #Letterbox# во Вајмар, на која од 14 уметници од целиот свет, во изборот на организаторите влегоа двајца претставници од Македонија, Роберт Јанкуловски и Антони Мазневски. Како што веќе пишувавме, ова е приватен проект, кој се состоеше од 10 дела и се работеше етапно, речиси повеќе од една година, но е влезен во календарот со официјалната програма која се одржуваше во текот на целата ж99 во "најмалата" досегашна Европска престолнина на културата, Вајмар. На читателите им е познато дека на два пати настаните со кои требаше да учествуваме на програмата во Вајмар, која броеше над 1000 настани, беа откажани од страна на домаќините поради нашето задоцнување, и тоа првин, Изложбата на теракотни икони од Виница, како настан од светски размери, а потоа и балетот "Бесконечно патување" направен по кореографија на Искра Шукарова, кој беше избор лично на, веќе поранешниот министер за култура, Димитар Димитров. Изложбата #Letterbox# започна на 10 декември, а ќе трае до 16 јануари.

Инаку, ова беше наше второ "алтернативно" учество изминатата година, и тоа на двете најзначајни меѓународни манифестации. Освен Вајмар, веќе се познати и случувањата околу учеството на престижната ликовна манифестација, Венециското биенале, која минатата година се одржуваше по 48-ми пат, откажувањето на презентацијата на скулптурите на Петар Хаџи Бошков поради финансиски причини, и покрај тоа што претходно изборот за македонското претставување го направи Комисијата при самото Министерство. Во Венеција сепак, бевме присутни, но "алтернативно", неофицијално, три дена пред самото негово отворање, кое се одржа на 13 јуни. Имено, Искра Димитрова го претстави својот (приватен) проект "Прекрасни суштества", со елементи на перформанс и инсталација, а Небојша Вилиќ ја презентира книгата "Неколку слатки за Венеција" односно "Уметноста во Македонија на крајот на Милениумот", во која се опфатени индивидуалните проекти на 31 македонски уметник и зборник на текстови за уметноста во Македонија пишувани последните неколку години.

> "Оваа област, тврдат уметниците, добива најмала финансиска поддршка од државата"

И, да не ја заборавиме, грандиозната тримесечна изложба во Стокхолм насловена "После ѕидот", која се отвори на 16 октомври, а по нејзиното завршување, на 16 јануари, ќе биде поставена уште во неколку европски градови. На неа Македонија е претставена од страна на тројца уметници, во што, како што рековме, нема удел државата, туку самите уметници и нивните дела, бидејќи Жанета Вангели, Искра Димитрова и Игор Тошевски беа избрани од страна на кураторот на оваа изложба Бојана Пеиќ, на која се присутни дела на 140 уметници од 14 посткомунистички земји.

Ликовните презентации во светот беа малку, а уште помалку со помош и поддршка од Министерството за култура. Многумина од уметниците истакнуваат дека Министерството оваа година немало разбирање за современиот вид творештво. Инаку, и партиципацијата за Изложбата во Нирнберг, која се одржа во текот на април ж99 и на која беа претставени пет уметника, беше накнадно намалена, поради што на неа можеше да отпатува само еден од уметниците. Втората презентација на која и даде поддршка Министерството, беше изложбата на 6 Меѓународно истанбулско биенале кое траеше од 17 септември до 8 ноември, составена од два проекта. И тоа, изложбата на Оливер Мусовиќ "Соседи" во официјалната програма и меѓународниот проект "Секогаш веќе апокалипса", како паралелна манифестација...

Очигледно е дека во коментарите на уметниците, за тоа дека оваа област добива најмала финансиска поддршка од државата, и тоа потенцирајќи го и процесот на создавање на самите дела, што уметниците речиси секогаш го прават со свои средства, има многу вистина. А ликовните презентации надвор од нашата земја, сфа-

# ...о свеста, ...стите

## ...рање за современиот вид творештво



Видео инсталација "Suspense": Искра Димитрова

тени како нешто споредно, наместо да се зголемува нивниот број во чекор со тенденциите и настаните во светот, тие се проретчуваат, сè помалку наоѓајќи можност за нивно излегување од локални рамки. Грижата за уметноста и значењето и улогата на тие презентации во светот, се за жал ниво кое сè уште не ни е достигнато. Примерот со Албанија е нешто што најречито говори за нашето заостанување во свеста, не во можностите. Бидејќи, како што не извести Искра Димитрова, која по повод Изложбата таму престојуваше шест дена, Албанија "веднаш по релативното отворање" кон светот ја организира оваа изложба на начин и со акцент на присуството на огромен број албански уметници, со цел да ја замени неможноста да ги испрати во светот. Затоа, тие на оваа изложба имаат покането голем број луѓе од светот на ликовната уметност, од познатите светски галерии, музеи, уметнички агенции итн., за на тој начин да ги презентираат делата на своите уметници, со што секако би се отворила можност за нивно гостување и претставување надвор од Албанија и присуство на сите позначајни ликовни манифестации во Европа и во светот. Бидејќи, малите и "поневажни" земји на светската мапа својата големина и значење најлесно можат да ги презентираат токму преку уметноста и нејзината есенција.

На прагот на Новата 2000, на 31 декември ж99 веќе започна најзначајниот настан во Лондон, #Millennium experience" кој ќе се одржува во текот на цела година во чест на доаѓањето на новиот Милениум. Во рамките на програмата со која Македонија ќе се претстави во Лондон, меѓудругото, бидејќи сепак говориме за ликовните презентации, е и изложбата на Симон Шемов "Ангели" и видео артот на Жанета Вангели "Портретот за Владимир Антонов". Во текот на месец март пак, во Токио, ќе биде презентирана изложбата "Зрачења", која во текот на ж98 беше поставена во неколку градови во Европа. Оваа изложбата, за која се определија самите организатори, се состои од инсталации на девет македонски автори, а значајно е да кажеме дека ова е голем успех, со оглед на тоа што преговорите траеја 2-3 години, бидејќи во Токио не може да изложува секој, главно тоа се многу познати уметници, или се работи за дела поврзани со технологија.

На големата Светска изложба ЕКСПО 2000 која ќе се одржи во Хановер, Германија, следното лето, во рамките на програмата која ја состави Министерството за култура (уште за време на министерот Димитров), предвидена е и голема изложба на група сликари и копаничари од Македонија. Мотото кое го презентира Министерството "колепка на културата, земја на природата", звучи иронично и покрај тоа што наведените настани охрабруваат. Што ќе се случи оваа година, дали повторно ќе има откажувања и што ќе донесе смената на министерот односно зголемениот буџет за културата за оваа година, останува да видиме.